Република Северна Македонија
**Министерство за здравство**

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Министерството за здравство на Република Северна Македонија,** застапувано од министерот д-р Фатмир Меџити,

и

**Државениот завод за ревизија,** застапуван од главниот државен ревизор м-р Максим Ацевски (во понатамошниот текст: страните потписнички),

на ден 11 јануари 2024 година во Скопје потпишаа:

# МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА

**Член 1**

Страните потписнички на овој Меморандум водени од потребата за меѓусебна соработка заради ефикасно спроведување на нивните со закон уредени надлежности, а во правец на заеднички развој на двете институции, изразуваат волја со склучување на овој Меморандум да ги унапредат меѓусебните односи во областите кои се од заеднички интерес за двете институции, а согласно Законот за државната ревизија и Законот за евиденциите во областа на здравството.

**Член 2**

Страните потписнички на овој Меморандум се согласни да ги реализираат следните активности:

- Редовна континуирана комуникација, соработка и размена на податоци од областа на здравството.
- Изработка на модул за извештаи од работата на здравствените установи кои треба да содржат податоци од регистрите и да понудат прегледи по различни критериуми во рамките на Националниот систем за електронска евиденција во здравството за потребите на Државниот завод за ревизија, утврдени во Прилог 1 на овој Меморандум и
- Навремено информирање за утврдените состојби од областа на здравството (здравствената заштита и здравствената дејност) и преземените мерки по дадените препораки од овластениот државен ревизор.

**Член 3**

Конкретните активности за соработка од член 2 на овој Меморандум ќе се остваруваат врз основа на непосредна меѓу-институционална комуникација, а каде што ќе биде увидено за потребно и врз основа на поединечни барања за секој одделен вид на соработка.

Размената на анонимизирани податоци од член 2 ставот 1 точка 2, ќе се одвива преку обезбеден индивидуален кориснички пристап на секој овластен ревизор преку Националниот систем за електронска евиденција во здравството во реално време, а по обезбедување на технички услови за пристап.

Во случај на технички проблем во телекомуникациската размена на податоци, односно привремена нефункционалност на системот, доставувањето на податоците може да се врши и по електронски пат, по пат на електронски медиум (ЦД, диск и друго) или во хартиена форма. Медиумот за размена го обезбедува страната која доставува податоци.

Страните потписнички на овој Меморандум, ќе обезбедат меѓусебна соработка, внатрешна поддршка и соработка со други институции и организации, вклучувајќи:

- Координираност во имплементација на активностите;
- Меѓусебно информирање и известување.

Потписниците на овој Меморандум се согласни на иницијатива по прашања покренати од секоја страна да остваруваат работни средби во функција на спроведување на целите на овој Меморандум.

**Член 4**

Страните потписнички на овој Меморандум, се обврзуваат целокупната меѓу-институционална комуникација да ја остваруваат согласно законските надлежности и врз основа на принципите на доверливост и заемна почит, без плаќање на надомест.

Страните потписнички се обврзуваат да обезбедат систем за заштита на податоците од неовластено користење и злоупотреба.

Страните потписнички се обврзуваат дека сите добиени податоци и информации согласно со овој Договор ќе ги користат исклучиво за потребите на спроведување на постапки за ревизија.

**Член 5**

Страните потписнички се обврзуваат на должно внимание, дека нивната меѓусебна комуникација нема да нанесе штета ниту на Државниот завод за ревизија, ниту на постапувањето на Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Управата за електронско здравство и нарушување на нивниот интегритет и независност.

**Член 6**

Меморандумот за соработка се потпишува и склучува на неопределен период на важност.

**Член 7**

Овој Меморандум може да се менува и да се дополнува со писмена согласност меѓу страните потписнички.

**Член 8**

Во случај на било каков спор или недоразбирање во имплементација на одредбите на овој Меморандум, страните потписнички меѓусебно ќе се консултираат и усогласат.

Република Северна Македонија
**Министерство за здравство**

**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**
**ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT**
**STATE AUDIT OFFICE**

**Член 9**

Овој Меморандум стапува на сила на денот на потпишувањето.

**Член 10**

Меморандумот е составен во четири еднообразни примероци, по два за секоја од потписниците.

Скопје, 11 јануари 2024 година.

| **Министерство за здравство** | **Државен завод за ревизија** |
|---|---|
| Министер, | Главен државен ревизор, |
| Д-р Фатмир Мецити | м-р Максим Ацевски |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО
MINISTRIA E SHËNDETËSISË
Бр.-Nr. 17-722/1
11.01. 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
Бр.-Nr. 03-46/1
11.01. 2024 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

ПРИЛОГ 1 - Листа на извештаи за потребите на Државниот завод за ревизија

1. Преглед на медицинска опрема кај здравствените установи, тековна состојба со податок за датум за ставање во употреба.
2. Преглед на објавени слободни термини, зафатени и не зафатени термини на дневно, месечно, годишно ниво или за определен период, по установа и специјалност.
3. Преглед на издадени регуларни, приоритетни и итни упати по установа и специјалност на месечно ниво или за определен период.
4. Преглед на реализирани упати (регуларни, приоритетни, итни, сервисни) на месечно ниво по установа и специјалност или за определен период.
5. Преглед на податоци за секој упат посебно: датум кога е креиран терминот, темплејт за терминот, датум и час за кога е закажан терминот, број на упат, тип на упат, лекар и установа кој го издал упатот, датум и час кога дошол пациентот, датум кога е напишан извештајот, лекар кој го напишал извештајот, на месечно ниво или за определен период.
6. Преглед на вид и број на упати за кои се издадени и за кои не се издадени извештаи за сите установи по специјалност, на месечно ниво или за определен период.
7. Преглед на издадени специјалистички извештаи за реализирани здравствени услуги за кои од страна на специјалист не е потврдена оправданоста на дадениот упат и дадените образложенија за истото, по установа и специјалност, на месечно ниво или за определен период и
8. Други прегледи по потреба и барање на Државниот завод за ревизија.